Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на ден од дневни настани 16.10.2022

На 15.10.2022 во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје - Полициско одделение Шуто Оризари лишиле од слобода двајца малолетници од Скопје. По пресмевки нерки и извршени оперативни проверки, полициски службеници од Отсекот за општ криминал од криминалистичката полиција при СВР Битола во соделство со полициски службеници од Полициско одделение Шуто Оризари констатирале дека двајцата малолетници на 12.10.2022 во колонијална продавница на улица „Широк Сокак" во Битола физички ја нападнале вработената и одзеле пари. Во службен разговор во полициска станица, извршен во присуство на старатели, тие го признале делото. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.09.2022 во 10.40 часот, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода Т.К.(35) од Скопје. Тој се сомничи дека извршил „тешка кражба" од возило на Б.Т. од Скопје и одјел предмети. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот, а Т.К. бил задржан во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.10.2022 во 10.50 часот на бул.„3-та Македонска Бригада" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Т.А.(33) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.10.2022 во 21.45 часот на бул.„Јане Сандански" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Љ.Н.(19) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.10.2022 во 22.50 часот на бул.„АСНОМ" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Б.(36) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.10.2022 во 14.00 часот во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.М.(20) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.10.2022 во 22.00 часот на ул.„Индира Ганди" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода К.Б.(26) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.10.2022 во 00.05 часот на подрачје на Гази Баба – Скопје, полициски службеници од СВР Скопје – Единица за недозволена трговија го лишиле од слобода Ј.Ј.(24) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.10.2022 во 00.30 час на ул.„Христијан Тодоровски Карпош" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Ш.(39) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.10.2022 во с.Волково, скопско, полициски службеници од Полициската станица Ѓорче Петров го лишиле од слобода В.З.(53) од Скопје поради сомнение дека околу 18.20 часот во селото пукал на семејна веселба. Кај него била пронајдена и одземена пушка „Застава М59/66" калибар 7,62 x39 mm, додека на местото биле пронајдени повеќе чаури од испукани куршуми. Во службен разговор во полициска станица тој го признал делото. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.10.2022, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Т.В.(30), К.С.К.(33), М.Е.(22) и Т.Р.(25), сите од Република Грција. Тие се сомничат дека, како дел од навивачка група, околу 16.00 часот на ул.„Македонија" физички ги нападнале Н.К. (41) и А.В.(42), двајцата од Скопје. По пресмевки беше лесно утврдено дека дел од лицата од навивачката група одзеле предмети од продавен објект на улицата. Четворицата биле приведени во полициска станица и по целосно расчистување и документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (15.10.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 175 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 28 санкции, 42 мерки возење под дејство на алкохол, 15 санкции за возење без возачка дозвола. Изречени се седум мерки за користење мобилен телефон при возење, четири за недавање пречисто на минуваше на пешаци, три мерки за негрегистрирани возила...

Во текот на изминатата вечер (15/16.10.2022) во периодот од 22.00 до 04.00 часот на територија на СВР Битола спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата било констатирано дека 28 возачи управувале возило под дејство на алкохол и против нив се поднесени соодветни поднесоци. За време на контролата биле санкционирани и 20 останати прекршоци.

На 15.10.2022 околу 15.30 часот во Полициската станица Кочани било приведено дека на импровизирана патека во близина на ул.„Македонска" во Кочани, К.Ѓ.(65) од Кочани, управувајќи мотоцикл, изгубил контрола над мотоциклот и паднал. Да здобиените повреди, К.Ѓ. починал на местото, а смрт констатирала медицинска екипа. По оваа пријава на Јавен обвинител, увид на местото извршила екипа од ОВР Кочани.

На 15.10.2022 година во 12.57 часот во СВР Скопје било приведено дека на ул.„Руѓер Бошковиќ" во Скопје, во близина на Драмски театар, патничко возило „Пежо" со скопски регистарски ознаки, управувано од В.А.(55) од Скопје, удрило во велосипедистот Б.Б. (74) од Скопје. Во несреќата, велосипедистот со задобил со тешки телесни повреди констатирани во Градската општа болница „8-ми Септември". Увид извршила екипа од СВР Скопје.

На 15.10.2022 во 17.30 часот во Полициската станица Карпош, Т.П.(70) од Скопје приајвила дека на ул.„Иван Цанкар" во Скопје била каснато од куче скитник.

На 15.10.2022 во 16.20 часот во Полициската станица Гази Баба, Љ.Д.(64) од Скопје приајвил дека на ул.„Методија Андонов Ченто" бил каснато од куче скитник.

На 15.10.2022 во 16.30 часот, полициски службеници од Полициското одделение Маврово и полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Стрезимир го лишиле од слобода А.Б.(38) од с.Голема Речица, тетовско. Тој бил баран со потерница по наредба на Основен суд Тетово за издржување затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

Денеска (16.10.2022) во периодот од 04.00 до 08.00 часот од страна на секторите за внатрешни работи и патролни тимови составени од полициски службеници од Одделот за униформирана полиција, спроведена е акциска контрола на територијата на цела држава. При контролата констатирани се дде прекршувања на законот за оружје: Д.М. (62) од Куманово по член 80, а на И.Б.(56) од Радовиш му се одземени ловна пушка, муниција и дозвола за оружје по член 32 од закон за оружје.

На 15.10.2022 во 18.15 часот, полициски службеници од ОВР Кичево, при контрола извршена во атарот на селото Вранешница, пронајдоа патничко возило „заставa" со кичевски регистарски ознаки, натоварено со огревно дрво. Возилото и дрвната маса биле предадени на Шумска полиција за понатамошна постапка.

Во текот на изминатата вечер (15/16.10.2022) во периодот од 22.00 до 04.00 часот спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 124 возачи. Од нив 28 на територија на СВР Битола, по 17 на територија на СВР Скопје и СВР Тетово...

На 15/16.10.2022 во периодот од 22.00 до 04.00 часот на подрачјето на Охрид и Струга, при извршени сообраќајни контроли, полициските службеници затекнаа 06 возачи кои управувале возило под дејство на алкохол (Охрид-04, Струга02). Тие се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 15.10.2022 во 15.15 часот во Полициската станица Гостивар било приајвено дека на ул.„Седе Костовски" во Гостивар се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „Фолксваген туран" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.С.(42) од Скопје и мотоцикл со гостиварски регистарски ознаки, управуван од малолетник од Гостивар. Во несреќата малолетникот се здобил со тешка телесна повреда, констатирана во болницата во Гостивар. Увид извршила екипа од Полициската станица Гостивар.

На 15.10.20222 во 16.30 часот во с.Поро), тетовско, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода С.К.(21) и Љ.А.(32), двајцата од с.Поро), затоа што околу 15.30 часот во селото физички го нападнале М.И.(57) од с.Поро). По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.10.2022 во 02.15 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода А.Ј.(25) од Куманово затоа што физички ги нападнал неговата 24-годишна сопруга и нејзината 50-годишна мајка. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.10.2022 во 23.00 часот во Ресен, полициски службеници од Полициската станица Ресен го лишиле од слобода И.В.(31) од Битола затоа што околу 17.00 часот физички го нападнал неговиот малолетен син. Тој бил приведен во полициска станица и кај него бил пронајден остар предмет. Известен бил Јавен обвинител и по целосно документирање на случајот против И.В. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.10.2022 во 19.45 часот во СВР Скопје било приајвено дека во автобус на ЈСП бр.41 бил нарушен јавниот ред и мир со физички напад извршен од двајца малолетници од с.Јаболци, општина Сопиште и с.Батинци, скопско, врз малолетник од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.10.2022 во 01.21 часот во СВР Скопје било приајвено дека во подружни простории на бул.Климент Охридски" во Скопје, К.Т.(21) од Скопје биле физички нападнат од едно лице, кое притоа употребило и метален предмет. Полициски службеници излегле на местото и при тој кај А.К.(28) од Скопје, кој бил задено со К.Т., пронашле и одзеле марихуана. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.10.2022 во 21.25 часот во СВР Скопје, Р.М. приајвил дека околу 17.45 часот во верски објект на ул. „Петар Поп Арсов" едно лице физичко го нападнало и со закана со остар предмет му одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.10.2022 во 18.30 часот во СВР Скопје, Р.А.(33) од с.Гричеј, скопско, приајвил дека на 14.10.2022 околу 20.00 часот на ул.„Петар Чаулев" во нас. Влае бил физички нападнат од две лица кои ги познавал до порано. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.10.2022 во 17.40 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, А.М.(23) од с.Волково, скопско, приајвил дека на 14.10.2022 околу 22.00 часот во селото бил физички нападнат од две лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.10.2022 во 19.50 часот во СВР Скопје било приајвено дека на ул. 8 во Кисела Јабука – Скопје бил нарушен јавниот ред и мир со физички напад извршен од К.С.(28) од Кисела Јабука врз К.Р.(26) од с Волково, скопско. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.10.2022 во 18.30 часот во СВР Битола, В.С.(26) од Битола приајвил дека во 15.30 часот на ул.„Бистра" бил физички нападнат од Н.Б. од Битола. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.10.2022 околу 00.00 часот во Полициската станица Берово било приајвено дека на ул.„Маршал Тито" во Берово бил нарушен јавниот ред и мир со физички напад извршен од А.Р.(33) и А.М.(31), двајцата од Берово, врз В.Ч.(57) од Берово. Се работи на расчистување на случајот.

На 16.10.2022 во 04.55 часот во СВР Штип, С.Ј.(58) од Штип приајвил дека во казино на ул.„Маршал Тито" во Штип бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 15.10.2022 во 12.00 часот во СВР Скопје, 48 - годишна жена од Скопје приајвила дека пред околу дде години, нејзиниот поранешен партнер И.Н.(44), во викенд куќа во кривопаланечко село извршил обљуба врз нејзината малолетна керка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.10.2022 околу 05.22 часот во СВР Скопје - Полициска станица Драчево било приајвено дека во атарот на с.Орешани, скопско, настанал пожар во викенд куќа сопственост на Ј.Л.(60). Пожарот бил изгаснат од екипа на Противпожарната бригада Скопје, а повредени лица нема. Извршен бил увид.

На 15.10.2022 во 09.50 часот во СВР Скопје било приајвено дека на ул.„Зендел Џемаил" во Скопје настанал пожар во четири импровизирани објекти, користени за домување од Р.Н., А.Н., А.Ј. и А.К.. Пожарот бил изгаснат од екипа на Противпожарната бригада Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 15.10.2022 во 23.09 часот во СВР Куманово било приајвено дека во с.Кучкарево, кумановско, три лица со закана одделе пари од Б.К. во нејзиниот дом. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.10.2022 околу 20.30 часот во СВР Велес било приајвено дека во продавен објект на ул. „Прохор Пчински" во Велес, две лица физички ја нападнале и со закана со остар предмет се обиделе да одземат пари од дневниот промет, но не успеале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.10.2022 во 11.00 часот во Полициската станица Ресен, Б.Б.(71) од Ресен приајвила дека на ул.6 во Ресен била каснато од куче скитник.

На 15.10.2022 околу 13.30 часот во СВР Велес, Т.М.(27) од Велес приајвила дека кај езеро „Младост" била каснато од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3.117.222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет